Општина Гевгелија

**Извештај за реализација**
**на Програмата за активности на општина Гевгелија во областа наобразованието за 2025 година**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Гевгелија

**Изготвувач**: Одделение за образоование

**февруари, 2026 година**
**Гевгелија**

Општина Гевгелија во рамките на своите надлежности и можности посветува големо внимание за развој и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес и унапредување на условите за учење во 4 основни училишта, 1 основно музичко училиште и 1 средно училиште, кои се наоѓаат на нејзина територија.

**Прилог: Табеларен приказ на број на ученици во учебна 2024/2025 и учебна 2025/2026**

| Училиште | 1-5 одд. | | | | 6-9 одд. | | | | Вкупно | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024/2025 | | 2025/2026 | | 2024/2025 | | 2025/2026 | | 2024/2025 | | 2025/2026 | |
| | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. |
| ООУ „Крсте Мисирков“ Гевгелија | 477 | 20 | 479 | 20 | 319 | 14 | 310 | 14 | 796 | 34 | 789 | 34 |
| ООУ „Владо Кантарџиев“ Гевгелија | 421 | 20 | 428 | 20 | 311 | 16 | 307 | 15 | 732 | 36 | 735 | 35 |
| ООУ „Климент Охридски“ Миравци | 74 | 7 | 73 | 6 | 54 | 4 | 53 | 4 | 128 | 11 | 126 | 10 |
| ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци | 106 | 8 | 105 | 7 | 82 | 5 | 81 | 5 | 187 | 12 | 186 | 12 |
| **Вкупно:** | **1078** | **53** | **1085** | **53** | **746** | **39** | **751** | **38** | **1843** | **93** | **1836** | **91** |

| Училиште | 1-4 клас | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2024/2025 | | 2025/2026 | |
| | ученици | паралелки | ученици | паралелеки |
| СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија | **731** | **38** | **726** | **37** |
| **Гимназиско образование** | 269 | 15 | 279 | 15 |
| **Стручно образование** | 462 | 23 | 447 | 22 |

Програмата на Општина Гевгелија од областа на образованието, се носи согласно нејзините надлежности, утврдени во законските и подзаконските акти, земајќи ги предвид можностите утврдени во Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

Цел на програмата на Општина Гевгелија од областа на образованието е подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во

училиштата, креирање и спроведување на образовни политики, согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.

Врз основа на член 158 од Законот за Основно образование, 101-а од Законот за средно образование,Општината може да ја дополни добиената блок дотацијазаобразование, со средства од сопствени извори, освен за платите навработените во училиштата. Согласно ова, во општинските училишта во општина Гевгелија од сопствениот буџет односноПрограмата за активностите на општина Гевгелија во областа на образованието за 2025 годинабр.09-1614/1 од 26.12.2024 година, објавена во„Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 26/24 и Измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на образованието бр. 09-784/1 од 16.05.2025 година, објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 10/25, се реализирани следниве активности од областа на образованието:

Мерката: Училишен оброк за ученици од основните училишта од социјално ранливи категории се спроведуваше и минатата учебна 2024/25 и 2025/26 година.Оваа мерка се реализира врз основа на склучен Договор бр. 03-577/1 од 10.04.2025 година со „ТехнолатКомерц ДПТ Атанас“ ДООЕЛ- Гевгелија,за период од 1 година, за што претходно е спроведена тендерска постапка, со исплатени 454.370 денари.

Мерката: Училишен прибор за првачиња се реализира на 1 септември 2025 година,со што на 208 првачиња во основните училишта на подрачјето на општина Гевгелија за учебна 2025/26 година им беа обезбедени училишни прибори. Оваа мерка беше реализирана врз основа на склучен Договор бр. 03-1293/1 од 29.08.2025 година со „Офис Плус“ ДООЕЛ Скопје, за што претходно е спроведена тендерска постапка, со вредност на договорот во износ од 119.116 денари без ДДВ, односно 125.071 денари со ДДВ.

| **Буџетска програма N1-основно образование** | **Активност** | **Корисници** | **Вкупно исплатени средства во денари** |
|---|---|---|---|
| | Оброк за деца од основните училишта од социјално ранливи семејства | 55 | 454.370 |
| | Училишен прибор за | 208 | 125.072 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | прваčиња | | |
| **N1 Вкупно:** | | | **579.442** |

Со програматаN1  за основно  образование за 2025 година, беа планирани 500.000 денари а остатокот од 79.442 денари се исплатени од Програмата D0 – Градоначалник.

Мерката:Награда за ученици на генерацијата беше реализирана и во 2025 година. За таа цел,од Буџетот на општина Гевгелија, буџетска програма N2 за средно образование беа исплатени по 10.000 денари за секој првенец на генерација за 5 основни училишта на територијата на општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија, односно вкупно 60.000 денари, при што беа изготвени 6 решенијаза исплата на финансиски средства, за учениците-првенци од секое училиште.

Во 2025 година година за мерка: Екскурзија за ученици од социјално-ранливи категории, по спроведена постапка за јавна набавка од СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија од буџетска програма N2 за средно образование,на „Рапсоди Травел“ ДОО Скопје,со доставенапрофактура, им се исплатени финансиски средства со вкупен износ од 74.331 денари,со што на 3 ученика од социјално-ранливи семејства им беше овозможена бесплатна екскурзија.

Мерката:Субвенционирање на матурска вечер за матуранти – генерација 2024/25 година беше реализирана преку следниве активности: На 10.01.2025 годинаод страна на претседателот на Матурскиот одбор при СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелијае поднесено барањебр.14-94/1 до Градоначалникот на општина Гевгелија за финансиска помош од општина Гевгелија за 181 матурант од 3-та и 4-та година, запишани во СОУ „Јосиф Јосифовски“со информација за цена за оброк по лице и цена за музика.На 12.05.2025  година од страна на претседателот на матурскиот одбор при СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, е поднесено второ барањебр. 14-751/1 до Градоначалникот на општина Гевгелија за финансиска исплата на матурска вечер, со фактура од „ПринцесГроуп“ ДОО бр. 05-16/440 со вкупен износ од 604.078 денари и со Изјава од претседателот на Матурски одбор при СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија дека е согласен горе

наведените финансиски средства да се исплатат на т-ска на име Александар Делиџаков, при што со Решение за исплата бр. 03-1037/1 од 07.07.2025 година, беше реализирана исплатата од Програмата за  N2 за средно образование.

Во 2025 година, за мерката: Награди за освоено прво место на државен натпревар од Буџетот на општина Гевгелија, ПрограмаN2 за средно образование се исплатени финансиски средства во нето износ од 20.000 денари на фудбалски училишен тимод 17 ученици при СОУ„Јосиф Јосифовски“-Гевгелија, под менторство на наставникот Никола Караколев, за освоено 1-во место на државно првенство на средни училишта по фудбал, во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија. За реализација на оваа мерка, беа спроведени следниве активности: На 18.06.2025 година,директорот СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија поднесе  барање 03-724/1(наш број: 14-1025/1) до Општина Гевгелија-одделение за образование, за финансиска поддршка насредношколски училишен тим за освоено прво место на државен натпревар во фудбал, при што во прилог беше доставен Список со ученици во тимот, копија од диплома за освоено прво место, со забелешка од директоротодобрените финансиски средства да бидат исплатени на т-ска сметка на име Никола Караколев-ментор на тимот, кој истите средства ќе ги сподели со учениците, при што беше изготвено Решение за исплата на финансиски средства бр. 03-1037/1 од 07.07.2025 година, во нето износ од 20.000 денари.

Во 2025 година, за мерката: Поддршка за учество на учениците во натпревари,по програма N2 за средно образование,се исплатени се 180.000 денари во нето износ, односно 198.000 денари во бруто износ на ученикот Леонид Цуклев, запишан во Скопје,со штобеа реализирани следниве активности: Со Одлука на Совет на општина Гевгелија бр.09-1014/1 од 04.07.2025 година, објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 14/25 е обезбедена финансиска поддршка на ученикот Леонид Цуклевод Гевгелија, за учество на Интернационална олимпијада по информатика во Сукре (Боливија) и за учество на Балканска олимпијада по информатика во Удинезе (Италија).

| **Буџетска програма N2-Средно** | **Активност** | **Корисници** | **Вкупно исплатени средства во денари** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **образование** | | | |
| | Ученици на генерација | 6 | 66.000 |
| | Ексукрзија за ученици од СОУ од социјално-ранливи категории | 3 | 74.331 |
| | Субвенционирање на матурска вечер | 181 | 604.078 |
| | Награди за освоено прво место на државен натпревар | 12 | 22.000 |
| | Поддршка за учество на натпревари | 1 | 198.000 |
| **N2 Вкупно:** | | | **964.409** |

Со програматаN2 за средно образованиеобразование за 2025 година, беа планирани 980.000 денари а реализирани се 964.409 денари.

Во 2025 година за мерката:Поддршка за ученици/средношколци за учество на натпревариод Буџетот на о.Гевгелија, ПрограмаD0- Градоначалник,на Здружение „Сојуз на математичари на Македонија“-Скопје, за учество на Меѓународна економска олимпијада беа исплатени 50.000 денари, и беа спроведени следниве активности: На 20.08.2025 година од Сојуз на математичари на Македонија е доставено Барање до Градоначалникот на о. Гевгелија бр. 14-1240/1 за финансиска поддршка за тимот од 4 средношколци и двајца водачи за учество на 8-та Меѓународна економска олимпијада што се одржа во Баку, со трошоци/цени по ставки: авионски билети, сместување и визи. Исплатата на финансиски средства во нето износ од 50.000 денари, на т-ска сметка на „Сојуз на математичари“ – Скопје, се реализира со решение број 12-1588/1 од 27.11.2025 година.

Мерката: Учество на општината во партнерски проекти во 2025 година се реализира со поддршка на секое општинско училиште кое пројавило интерес. Во 2025 година Општина Гевгелија даде Согласност за отворање донаторска сметка на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за реализација на проект од ЕРАЗМУС програма во полето на стручното образование и обука, како и поддршка за проектот за подобрување на условите за учење во училиштата преку зелена енергија. Во општинските училишта во 2025 година се реализираа МИО – активности и тоа во ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци и во СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија.

За организација на матурската парада се исплатени финансиски средства во износ од 18.000 денари од ставка К4 и беа изготвени решенија за финансиска исплата за организаторите: Јулија Беќарова -наставник по ФЗО, Никола Караколев -наставник по ФЗО и Ампов Костадин за звучна опрема.

Во 2025 годинаОпштина Гевгелија ја продолжи исплатата на стипендии за вкупно 20 студенти, и тоа за:15студенти запишани на Медицинските факултети-насока општа медицинаи за 5 суденти запишани на ФЕИТ и на Машински факултет. Од нив, во учебната 2025/26 година, двајца студенти запишани на Медицинските факултети ги ставиле студиите во мирување, со што во студиска 2025/26 година продолжило стипендирањето на 18 студенти од претходните студиски години и уште 5 од оваа студиска година. За оваа мерка од Буџетот на општина Гевгелија, Програма Д0-градоначалник исплатени се вкупно 1.314.000 денари.

Во 2025 година се исплатени сите корисници на буџетските средства од областа на образованието, а Извештаите за работа и Завршните сметки за 2025 година на ООУ „Крсте Мисирков"-Гевгелија, ООУ „Владо Кантарџиев"-Гевгелија, ООУ „Климент Охридски"- Миравци, ООУ „Ристо Шуклев"-Негорци, ООМУ „Васо Карајанов"-Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија ќе ги разгледува Советот на општина Гевгелија.

Извештајот за реализација на Програмата за активности на Општина Гевгелија од областа на образованието за 2025 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија објавен во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.14-448/1
09.03.2026 год.
Гевгелија

Изготвил:
Одделение за образование
на општина Гевгелија